**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Врз основа на член 28 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 14-07-2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 3602 | 1 | |


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** **контролен**

**2. Субјект на надзорот:** Друштво за производство, трговија и услуги ТЕЛЕНЕТ КОМ ДОО експорт-импорт, Тетово - дигитален пакет

**3. Датум на извршување на надзорот:** 13.07.2016 година.

**4. Предмет на надзорот:**

Надзорот се врши врз исполнувањето на обврската во член 141 – „*Доколку Агенцијата врз основа на извршен програмски надзор согласно со овој закон утврди дека оператор реемитува програмски сервис кој не е регистриран согласно со овој член, Агенцијата во рок од седум дена од извршениот програмски надзор ќе донесе решение со кое ќе му наложи на операторот веднаш да го исклучи реемитувањето на програмскиот сервис*“ од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14 101/14 и 132/14).

**5. Претходно изречена мерка:**

Решение за опоменување Уп.1 бр.11-336 од 13.06.2016 година издадено врз основа на Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор бр.11-3112/1 од 08.06.2016 година.

Решението е уредно примено на 15.06.2016 година.

**6. Констатации од надзорот:**

Со контролниот надзор врз операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштво за производство, трговија и услуги ТЕЛЕНЕТ КОМ ДОО експорт-импорт, Тетово - дигитален пакет констатирано е дека операторот постапил во целост по упатеното решение.

**Одделение за заштита на авторски права, Сектор за стратешко планирање и авторски права**